# Лист со факти
## Пензија AustralianSuper

Пензијата AustralianSuper Pension е наменета на оние на кои им наближува времето за пензионирање или се веќе постојано пензионирани.

Вие не треба да сте член на AustralianSuper за да ја земете таа пензија. Само треба да имате “super” во вредност од 10.000 долари или повеќе кои сакате да ги инвестирате. Повеќе од 10 проценти вработени Австралијци се членови на AustralianSuper, поради што ние сме еден од најголемите австралиски “super” фондови. Како индустриски фонд, ние работиме само за корист на нашите членови, за разлика од фондовите кои плаќаат дивиденди на акционери и провизија на агенти. Наша клучна цел е да ги зголемиме до максимум пензиските заштеди на нашите членови.

Преку AustralianSuper Pension, ние може да им помогнеме на нашите членови и на други пензионирани Австралијци да имаат најголема корист од нивните заштети.

Ако сте вие како мнозинството Австралијци, во пензија ќе бидете доста зафатени. Патувања, спортување, градинарство, читање, дружење со фамилијата – тоа е времето (вашето време) заради кое многу сте работеле.

Како во тоа време најдобро ќе ја искористите вашата тешко заработена “super” ќе зависи од вашите лични околности. Ако не сакате да земете еднократна исплата (lump sum payment) и од неа да живеете во вашите пензионерски денови, може ќе сте заинтересирани од вашата “super” да добивате редовни исплати преку AustralianSuper Pension.

### Што е пензија базирана на сметка (account-based pension)?

AustralianSuper е пензија базирана на сметка. Пензијата базирана на сметка им овозможува на членовите да ја претворат нивната “super” сметка во пензија која им обезбедува да добиваат редовни исплати како пензионери сé додека сметката не се испразни.

По закон, од вашата пензија базирана на сметка секоја година мора да се повлече еден минимален износ. Тој минимум е извесен процент на балансот на вашата сметка (процентот зависи од вашите години). Не постои максимален износ што мора да се повлече, што значи дека вие, според потребите, може да го повлечете целиот или само дел од балансот на вашата сметка (освен ако не сте ја одбрале опцијата Премин кон пензионирање која го ограничува износот на повлекување на најмногу 10% годишно).

### Која е корист од AustralianSuper Pension?

Кога ќе земете AustralianSuper Pension вие ќе имате корист од:

- солидни долгорочни инвестициски резултати
- ниска членарина
- избор од 15 инвестициски опции
- приходи од инвестиција ослободени од данок
- пристап до сметката преку интернет
- флексибилни опции на плаќање
- опции за планирање на оставнина (estate-planning options) кои обезбедуваат вашата пензија да не биде загубена во случај на ваша смрт.

## Какви се инвестициските резултати?

AustralianSuper има традиција на солидни долгорочни инвестициски резултати во корист на членовите.

Исто така, AustralianSuper нуди избор од 15 инвестициски опции, такашто може да одберете опција или опции кои најмногу им одговараат на вашите потреби.

На нашата интернет страница има едно поглавје за инвестиции, со детални информации за нашите редовни ажирурања на резултатите и членарината. Посетете ја нашата интернет страница на **www.australiansuper.com/pension**

## Колкава е членарината?

Ако примате AustralianSuper Pension, вие плаќате административна членарина (administration fee) од $1 неделно, плус 0,22% од балансот на вашата сметка годишно. Членарината од 0,22% годишно нема да премине 1.100 долари годишно за сметки од 500.000 долари или повеќе. Тие износи ние директно ги одбиваме од вашата сметка.

Вие исто така плаќате членарина за водење на инвестиција (investment management fees). Членарината за водење на инвестиција е изразена како процент кој е променлив зависно од инвестициската опција или опции што сте ги одбрале. Членарината е иста како за членовите кои имаат “super” инвестирана со нас: за финансиската 2008/09 година тие трошоци на инвестирање се движеа од 0,09% до 1,07% годишно. Ние ја одбиваме членарината од вашата инвестициска добивка која потоа ја префрламе на ваша сметка.

## Што е опцијата Премин кон пензионирање

Ако сте ја достигнале заштитната возраст (preservation age), која е сега 55 години или повеќе, а сеуште не сте се пензионирале, вие може да имате право да земете AustralianSuper Pension со опцијата Премин кон пензионирање (Transition to Retirement). Оваа опција ви овозможува да создадете пензија користејќи еден дел или целата “super” заштеда уште пред да се пензионирате за постојано.

Ако сеуште работите, оваа опција ви овозможува да продолжите да уплатувате за вашиот “super” и истовремено да влечете приход од вашата пензија.

За повеќе детали видете го нашиот лист со факти Премин кон пензионирање (Transition to Retirement). Може да го преземете од **www.australiansuper.com/pension** или ако се јавите на **1300 789 932**.

## Дали ми треба финансиски советник?

Одлуката како да го финансирате вашиот начин на живот во пензија зависи од вашите лични околности, па некој советник би можел да ви помогне да донесете правилна одлука.

Членовите на AustralianSuper може да користат финансиски советник без плаќање провизија преку Industry Fund Financial Planning (IFFP).* IFFP е национална установа за финансиско планирање, која ги наплатува услугите, формирана за да им помогне на членовите на индустриски “super” фондови околу нивната финансиска иднина.

Вашиот разговор со некој советник на IFFP се наплатува според принципот за платени услуги, а цената се одредува однапред. За да организирате средба заради бесплатна почетна дискусија или за повеќе информации може да се јавите на советник на IFFP на 1300 138 848 или видете на интернет на www.iffp.com.au

* AustralianSuper не ги препорачува, поддржува или прифаќа одговорност за овие услуги. Се применуваат извесни критериуми и услови кои може да се добијат од IFFP. AustralianSuper не прифаќа одговорност за било каква загуба или штета причинети со услуги што ги дава IFFP. AustralianSuper може да инвестира во IFFP, но не добива никаква провизија од таа организација како резултат на тоа што членови ги користат нејзините услуги.

## Сакате да дознаете повеќе?

За комплетни податоци за AustralianSuper Pension, вклучувајќи пријавен формулар, видете ја нашата Изјава за претставување на пензиски производ (Pension Product Disclosure Statement) што може да ја најдете на интернет на **www.australiansuper.com/pension** или јавете се на AustralianSuper на **1300 789 932**.

**Важна информација:** Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука за AustralianSuper, разгледајте ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за претставување на пензиски производ (Pension Product Disclosure Statement) на интернет на **www.australiansuper.com/Pension** или јавете се на **1300 300 273**. Логото ‘Lifetime of difference’ е употребено со дозвола на Industry Fund Services (IFS) и таа дозвола не беше повлечена до датумот на објавувањето на оваа публикација. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898.